# Ss. Cyril and Methodius University in Skopje





**Почитувани студенти,**

Ви благодариме што го одбравте најголемиот и најстариот државен универзитет во нашата земја – Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кој претставува темел и столб на образовниот систем, научната работа и културниот развој на Република Северна Македонија.

Како универзитет со најголем број студиски програми од сите научни полиња и подрачја во државата, УКИМ е главен носител на научно-истражувачката дејност и најголем наставно-научен центар во земјата. Повеќе од 30.000 студенти се дел од наставниот и образовниот процес на сите три циклуси на студии.

Сега и вие сте дел од академската заедница на Универзитетот и се надевам дека вашиот престој тука, во Скопје, ќе ви донесе нови искуства и ќе ве исполни на лично ниво, а воедно ќе ви овозможи и значајни академски постигнувања.

Универзитетот се развива и овозможува создавање на високообразовни профили во сите области, и ако ви требаше нов предизвик и возбуда, тогаш ова е вистинското место за вас. Со овој водич, кој е наменет токму за почетокот на вашиот престој во Скопје, ќе ви понудиме информации што може да очекувате од нашиот Универзитет и од градот Скопје.

Со наша помош, ќе откриете многу убави места во главниот град, како што се Старата чаршија, Кањонот Матка, тврдината Кале, и ќе бидете воодушевени од многубројните цркви и џамии. Исто така, ќе се запознаете со важни услуги што нашиот Универзитет ги нуди за вашето идно образование. Корисни ресурси како што се Е-библиотека, научни списанија, публикации со отворен пристап и Центарот за кариера ви стојат на располагање. Ќе ви понудиме помош за најосновните и неопходни работи, со цел да се чувствувате како дома и да ви го олесниме престојот во Скопје.

Секој нов почеток е предизвик, и иако доаѓате од различни делови на светот, сега сте дел од нашето големо академско семејство и искрено се надевам дека престојот овде ќе ви донесе некои од најубавите спомени во животот.

Добредојдовте на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје!

Ректор,
Проф. д-р Биљана Ангелова

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е првиот државен универзитет во Република Северна Македонија, основан во 1949 година, првично со три факултети.

Во моментов, Универзитетот претставува функционална заедница од 23 факултети, 5 научно-истражувачки институти, 4 јавни научни установи – придружни членки, 1 придружна членка – друга високообразовна институција и 7 придружни членки – други организации.

Неговото дејствување е утврдено со Законот за високото образование и со Статутот на Универзитетот.

ВИЗИЈАТА на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е да израсне во универзитет со висока меѓународна репутација во областа на образованието и науката, како респектибилен член на семејството на европски универзитети.




**Мисијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ е да биде:**

- автономна високообразовна институција што овозможува настава, научна и применета дејност во областа на техничките, природно-математичките, биотехничките, уметничките, медицинските и општествените науки;
- универзитет посветен на негување и меѓународно признавање на традиционалните карактеристики и вредности на народот на Република Северна Македонија (македонскиот јазик, историјата, книжевноста и културата), како и на негување на културните вредности на другите етнички заедници во Република Северна Македонија;
- универзитет отворен за сите студенти врз основа на еднаквост и нивни академски резултати, без оглед на нивната идеолошка, политичка, културна и социјална припадност;
- универзитет кој ја координира својата академска понуда со потребите на општественото окружување и одржува постојано динамичен однос кон него;
- универзитет кој создава стимулативна средина за своите вработени, овозможувајќи им развој на нивните способности за остварување на мисијата на Универзитетот;

- универзитет кој развива доживотно и континуирано образование;
- универзитет определен да ги достигне европските норми и стандарди во сите сфери на своето дејствување.



Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ развива студиски програми во сите научни области – природно-математички науки, техничко-технолошки науки, медицински науки и здравство, биотехнички науки, општествени науки, хуманистички науки и уметности.
Освен на факултетите, научноистражувачката работа се реализира и во независните истражувачки институти, кои претставуваат интегрален дел од Универзитетот.




Наставата на Универзитетот е организирана на 4 кампуси:
Кампус за општествени науки, кампус за технички науки, кампус за медицински науки и кампус за биолошко-биотехнички и природни науки.
Сликата за Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје може да се прикаже преку следните податоци:

- вкупно 207 студиски програми од прв циклус на студии (додипломски студии),
- вкупно 338 студиски програми од втор циклус на студии (магистерски студии),
- вкупно 79 студиски програми од трет циклус на студии (докторски студии).

Број на запишани студенти:

| | |
|---|---|
| на прв циклус | 22779 |
| На втор циклус (постдипломски студии) | 3602 |
| На трет циклус (докторски студии) | 830 |

Денес, Универзитетот има образовано околу 134.600 дипломирани високообразовни кадри (со стекната диплома од прв циклус – додипломски студии); 13.800 кандидати со стекната магистерска или

специјалистичка диплома и околу 4.000 кандидати со стекната докторска диплома од сите наставни и научни области.

Вкупната дејност на Универзитетот, исто така, опфаќа спортски, уметнички, информативни, рекреативни и други активности што се организираат преку бројни здруженија, клубови и сл.



СТРАНСКИ СТУДЕНТИ

1. Странски државјани се запишуваат по посебни квоти за запишување на странски државјани, а условите за запишување се дадени во Конкурсот.
2. Трошоците за студии за странски студенти се определуваат во Конкурсот.

**Пријавување на кандидати:**

**Електронската пријава се доставува на е-пошта:** st.student@ukim.edu.mk **.**

**При пријавување, кандидатите доставуваат копија од:**

- Формуларот за пријавување (Form A1);

***<u>За кандидати на прв циклус студии</u>***

- Оригинална диплома за завршено средно образование (заверена со апостил-печат или печат од надлежното Министерство за надворешни работи, за земји што не се членки на Хашката конвенција);
- Оригинални свидетелства за секоја завршена година од средното образование;
- Оригинален извод од матичната книга на родените;
- Оригинален доказ за државјанство;

- Годишно здравствено осигурување од матичната држава.

- ***За кандидати на втор циклус студии***
- Оригинална диплома за завршено високо образование (заверена со апостил-печат или печат од надлежното Министерство за надворешни работи за земји што не се членки на Хашката конвенција);
- Оригинална диплома за завршено средно образование (заверена со апостил-печат или печат од надлежното Министерство за надворешни работи за земји што не се членки на Хашката конвенција);
- Оригинален извод од матичната книга на родените;
- Оригинален доказ за државјанство;
- Годишно здравствено осигурување од матичната држава.

- ***За кандидати на трет циклус студии***
- Пријавен формулар со назначена студиска програма за која кандидатот се пријавува;
- Почетна согласност од ментор од списокот на ментори;
- Мотивациско писмо во кое е наведена областа на истражување;
- Кратка биографија;
- Свидетелство за положени испити од првиот циклус студии, односно од додипломските студии;
- Свидетелство за положени испити од вториот циклус студии, односно од постдипломските студии;
- Свидетелство од првиот циклус студии, односно од додипломските студии;
- Свидетелство од вториот циклус студии, односно од постдипломските студии;
- Свидетелство за познавање на англиски јазик. Познавањето на англиски јазик се докажува со сертификат издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за ниво Б2 според Европскиот јазичен рамковен документ на Советот на Европа, меѓународен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестер, определен со конкурсот или сертификат за претходно образование – додипломски студии (прв циклус) и/или постдипломски студии (втор циклус) каде студиската програма е изведувана на англиски јазик.
- Кандидатите кои го завршиле своето високо образование, додипломски студии (прв циклус) и постдипломски студии (втор циклус) во странство доставуваат нострифицирани документи, кои ги докажуваат исполнувањето на условите за запишување на трет циклус студии – докторски студии, како и еквиваленција на оценки доколку системот на оценување е различен од системот во Република Северна Македонија.
- Годишно здравствено осигурување од матичната држава.

**Запишување на кандидатите**

**Процесот на запишување се спроведува на факултетите, во крајот на септември. При запишувањето, кандидатите доставуваат:**

- Нострификација на претходно завршеното образование – документ издаден од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија
- Индекс, студентска легитимација и пријавни формулари кои студентите ги добиваат на факултетите
- Потврда за уплата на партиципација за семестарот

**Процедура за нострификација на документи во Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија**

**I. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА НОСТРИФИКАЦИЈА НА ПРЕТХОДНО ЗАВРШЕНО ОБРАЗОВАНИЕ**

- Оригинална диплома за завршено средно образование (заверена со апостил-печат или печат од надлежното Министерство за надворешни работи за земји што не се членки на Хашката конвенција);
- Две фотокопии од оригиналната диплома (една копија нотаријално заверена);
- Две копии од дипломата преведени од овластен судски преведувач во Република Северна Македонија (една копија нотаријално заверена);
- Оригинални свидетелства за секоја завршена година од средното образование;
- Две фотокопии од секое оригинално свидетелство (една копија нотаријално заверена);
- Две копии од секое свидетелство преведени од овластен судски преведувач во Република Северна Македонија (една копија нотаријално заверена).

**ОСТАНАТИ ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ**

1. БАРАЊЕ до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија
**2.** Оригинален извод од матичната книга на родените и две фотокопии;
**3.** Оригинален доказ за државјанство и две фотокопии;
**4.** Оригинален извод од матичната книга на родените и две фотокопии (за лица што не се родени во Република Северна Македонија)
   - Две копии од изводот преведени од овластен судски преведувач во Република Северна Македонија (една копија нотаријално заверена);
5. Оригинален доказ за државјанство и две фотокопии (за лица што не се родени во Република Северна Македонија)
   - Две копии од доказот за државјанство преведени од овластен судски преведувач во Република Северна Македонија (една копија нотаријално заверена).



**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИ СТАТУС ВО МАКЕДОНИЈА** Според Законот за странци во Република Северна Македонија, привремен престој му се одобрува на странец кој има намера да престојува во Република Северна Македонија со цел школување, студирање или учење на јазикот на кој се изведува наставата, а барањето за одобрување на привремен престој се поднесува до Министерството за внатрешни работи. Привремен престој за цел на образование или студирање се одобрува за период до една година и може да се продолжи. Барањето за одобрување на привремен престој во Република Северна Македонија се поднесува како придружен документ за барање на виза за регулирање на долгорочен престој (виза Д).

**1. Регулирање на привремен престој**

Процедурата за барање за одобрување на привремен престој во Република Северна Македонија, како придружен документ за барање за издавање виза за регулирање на долгорочен престој (виза Д):

- Привремена дозвола за престој ќе се издаде врз основа на барање од странец кој има намера да престојува во Република Северна Македонија.
- Барањето за привремена дозвола за престој се поднесува од страна на странецот во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Северна Македонија во странство.
- Апликантот за привремена дозвола за престој е должен лично да се јави кај надлежниот орган за разговор.
- Во барањето мора да се наведе целта и околностите на предвидениот престој во Република Северна Македонија, кои не смее да се менуваат во текот на постапката.
- Со барањето за привремена дозвола за престој, странецот е должен да достави валиден и признат патен документ или заверено копие од истиот, кој е најмалку три месеци подолг од времето предвидено за престој во Република Северна Македонија, како и докази дека се исполнети условите за издавање на привремена дозвола за престој.

3. **Пријавување**

По запишувањето, факултетот му издава на студентот потврда дека е запишан на соодветната студиска програма.

Со оваа потврда и договорот за изнајмен стан/обезбедено сместување, студентот поднесува барање до Министерството за внатрешни работи – (зграда на МТВ, прв кат – Сектор за престој на странци).



**Организирана настава за изучување јазик**

За кандидати – странски државјани запишани на студиските програми на македонски или англиски јазик на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се организираат две едногодишни кратки студиски програми за изучување на македонски и англиски јазик во рамки на првиот циклус студии (60 ЕКТС) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Секоја година Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ќе објавува конкурс за пријавување и запишување на студенти/странски државјани во овие студиски програми.

Студентите – странски државјани можат да се запишат во една од овие студиски програми, што ќе им овозможи да добијат сертификат и индекс, со што ќе го регулираат својот престој во Република Северна Македонија согласно закон.

Потребните документи за апликација и запишување на студенти/странски државјани можете да ги најдете на следниот линк Oglas-KSSP-EN-2025.pdf. Документите треба да се поднесат во Одделот за студентски прашања на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Наставата се организира како интензивен курс во зимскиот и летниот семестар и се реализира според кратка студиска програма за изучување на македонскиот/англискиот јазик со 60 ЕКТС. За време на наставата, континуирано се врши испитување на знаењето на слушателите – кандидати. По успешно завршена настава и положен завршен испит, кандидатите добиваат сертификат за успешно положен тест по македонски/англиски јазик како странски јазик, издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Објавата исто така е достапна на интернет-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Универзитетот запишува странски студенти во првиот циклус на студии во сите студиски програми, објавени на следниот линк.: https://ukim.edu.mk/en/studii/studiski-programi/prv-ciklus/



Универзитетот запишува странски студенти во вториот циклус на студии во сите студиски програми, објавени на следниот линк: https://ukim.edu.mk/en/studii/studiski-programi/vtor-ciklus/

Официјалниот конкурс за запишување странски студенти во третиот циклус на студии – докторски студии, е објавен на главната веб-страница на Универзитетот, а директниот линк до него е: https://ukim.edu.mk/en/doktorska-shkola/
Сите студиски програми се објавени на линкот: https://ukim.edu.mk/en/doktorska-shkola/studiski-programi/po-nauchnoistrazhuvachki-podrachja/



## УНИВЕРЗИТЕТСКИ ОБЈЕКТИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Објектите што Универзитетот ги нуди како на домашни така и на странски студенти се: студентска поликлиника и библиотека на секој факултет, покрај централната библиотека.



**Студентска поликлиника**

Сите студенти запишани првпат во прва учебна година (прваци) треба да се пријават за задолжителен систематски преглед во периодот во Поликлиниката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, која се наоѓа во студентскиот дом „Кузман Јосифовски – Питу“, бул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 58.

Систематскиот преглед вклучува: општ медицински преглед, стоматолошки преглед и лабораториски испитувања.

Систематскиот преглед е задолжителен услов за потврдување на зимскиот семестар.

Странските студенти треба да имаат важечко годишно здравствено осигурување.

## БИБЛИОТЕКИ

**Секој факултет располага со своја добро опремена библиотека и своја читалница.**

**Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“** собира, обработува, штити и чува културно наследство на земјата за идните генерации. Со изградба и развој на националниот библиотечен информативен систем, дигитализација на културното наследство на своите збирки и подготовка на национална библиографија, обезбедува пристап на лице место и на далечина, особено за оние кои се занимаваат со научноистражувачка работа, како и за сите кои се стремат да го збогатат своето знаење и личен развој.

Библиотеката обезбедува поддршка и информациони извори и услуги за високо образование, научноистражувачка активност и процесот на учење во текот на целиот живот. Самостојно или во соработка со други домашни и странски библиотеки и информативни центри, ги обезбедува на своите корисници квалитетни референтни и библиографски услуги, пристап до странски бази на податоци со цел да ги задоволи нивните потреби во образованието, научната работа, културата и општествениот живот.

Преку континуирана едукација на библиотечниот кадар, следење на современите библиотечни и

информативни текови и активна учество во развојот на областа на библиотекарството на меѓународно ниво, промовира и развива библиотечни и информативни науки на национално ниво.

## СМЕСТУВАЊЕ И ОПЦИИ ЗА ПЛАН ЗА ИСХРАНА

Странските студенти можат да престојуваат во хостели или да изберат приватен изнајмен сместувачки капацитет.

За оние странски студенти кои претходно не изнајмиле станови пред доаѓањето во Скопје, се препорачува да престојуваат во хостел додека бараат соба/стан/куќа. Има многу хостели во или блиску до центарот на градот, а цените се движат од 7 до 15 евра по кревет за ноќ.

Бидејќи Универзитетот има 4 кампуси низ градот, за да го изберете хостелот најблизок до вашиот факултет, најдобро е да ги консултирате сајтовите како www.hostels.com или www.booking.com. Иако се поскапи, приватните сместувања се најпогодно, а сепак достапно решение за мнозинството студенти. Киријата за студио се движи од 80 до 120 евра месечно, додека поголем стан може да чини од 130 до 200 евра. Киријата не вклучува режиски трошоци (греење, струја, кабловска телевизија, Интернет, вода, отпад, итн.) кои се движат од 50 до 150 евра месечно, во зависност главно од големината на станот, видот на греењето и бројот на станари.

Во однос на планирање на оброците, ве информаираме дека може да си обезбедите едне, два или три оброци дневно во некоја од студентските мензи. Секој факултет има студентска менза. Оброците се достапни за сите студенти, вклучително и за странски државјани.

## ЗНАМЕНИТОСТИ

### РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија се наоѓа во централниот дел на Балканскиот Полуостров, со површина од 25.713 квадратни километри, граничејќи со Србија на север, Косово на северозапад, Грција на југ, Бугарија на исток и Албанија на запад. Поради ваквата географска положба, Република Северна Македонија е и била важен пресек на многу различни цивилизации, религии и култури низ историјата.

Според последниот попис, во Република Северна Македонија живеат околу два милиони луѓе. Скопје, главниот град на Република Северна Македонија, е најголемиот политички, економски, образовен и културен центар.

Северна Македонија претежно е планинска земја со голем број извонредни природни богатства и убавини. Во Северна Македонија има 34 врвови повисоки од 2.000 метри и богати со вегетација. Планините и планинските масиви се испреплетени со многу долини и рамнини. Влијанието на Медитеранската и Континенталната клима позитивно влијаат врз високата плодност на обработливата земја и развојот на сточарството, како и развојот на зимскиот и летниот туризам.

Северна Македонија е земја на езера со извонредна природна убавина кои нудат поволни услови за развој на туризмот. Во нејзиниот јужен дел се наоѓаат три големи тектонски езера: Охрид, Преспа и Дојран. Нивната извонредна природна средина и бројните рекреативни можности ги прават познати туристички

центри. На нејзина територија има 15 акумулации и 25 глацијални езера сместени во највисоките делови од планинските масиви формирани за време на ледено време.
Центарите за зимски спортови: Попова Шапка, Бистра-Маврово, Крушево, Пелистер, Пониква и Голак, со своите живописни терени погодни за зимски спортови, се многу познати.



Северна Македонија има многу обемно и древно културно наследство. Поради големиот број археолошки локалитети од антикото време, Северна Македонија има полн основ да се нарече – магична земја на археологијата.
Во Северна Македонија има и значаен број манастири и цркви кои се ремек-дела на старите градители, иконописци, фрескописци и дрворезбари. Манастирите Св. Јован Бигорски – покрај Гостивар; Марков Манастир; Св. Пантелејмон – покрај Скопје; Манастирот Лесново; Св. Наум Охридски – покрај Охрид; Св. Софија во Охрид; како и црквите Свето Спасение во Скопје, Св. Ѓорѓи Арханѓел во село Курбиново, се само некои од многуте манастири и цркви.
Османлиската Империја исто така оставила свои траги на оваа територија преку голем број џамии, бањи и пазари.
Тука, во Северна Македонија, постои традиција на зачувување на македонскиот фолклор, кој е многу богат и разновиден и го отсликува духот и начинот на живот на народот на Северна Македонија.

---

СКОПЈЕ (Skopje - Wikipedia )



Скопје, главниот град на Република Северна Македонија, има помалку од еден милион жители. Се наоѓа во централниот дел на Балканскиот Полуостров и претставува важен крстопат на патиштата кон Егејското и Јадранското Море. Вардар, најдолгата река во Северна Македонија со должина од преку 400 километри, тече низ Скопје.
Во античко време, Скопје, тогаш познато под името Скупи, било главен град кој подоцна паднал под римска власт. Во 518 година беше целосно уништено од силен земјотрес. Со доаѓањето на Словените во

695 година, градот доживеал значителен раст и го добил своето сегашно име Скопје. Во 10 век, станал дел од Самоиловото Царство и важен центар за транспорт и трговија. Сè до 15 век, до османлиското освојување, градот неколку пати ја менувал својата власт.
По Втората светска војна, Скопје брзо се развивал и добил физиономија на модерен метрополис. Но, овој забрзан развој бил прекинат од катастрофалниот земјотрес на 26 јули 1963 година. Благодарение на солидарноста на поранешните југословенски републики и на меѓународната заедница, Скопје повторно се развил во важен економски, политички, образовен и културен центар.
Скопје, како центар на културата, образованието и науката, е дом на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Македонската академија на науките и уметностите, бројни културни институции, музеи, библиотеки и други.
Во Скопје има голем број значајни културни и историски споменици, како што се тврдината Кале, Камениот мост, Даут-пашин амам, Црквата Свето Спасение, Стар Базар, археолошкиот локалитет Скупи со неговиот антички театар, манастирите Св. Пантелејмон, Св. Никита, Св. Андреја, Марков манастир и други.

**КЛИМА**

Благата клима се карактеризира со умерено топли лета и умерено студени зими, како и со значителни годишни врнежи.
Најточната временска прогноза за Скопје може да се најде на веб-страницата на Хидрометеоролошката служба. https://uhmr.gov.mk/